# ***<u>Кратки генералии за СОУ “Цар Самоил ”-Ресен</u>***

**Средното Општинско Училиште „*ЦАР САМОИЛ*„ од Ресен е формирано во 1960 година и низ историјата ги носело имињата „Стив Наумов” и „Јосип Броз Тито”.**

**Адресата на училиштето е: Ул. “Кочо Рацин” бр. 48-Ресен**

**Тел: +389 (0) 47 451-899 –Директор**
**+389 (0) 47 451-060 –Секретар**
**+389 (0) 47 451-899-факс**
**e-mail:carsamoil_resen@yahoo.com**

**Во склоп на нашето училиште егзистира земјоделско-ветеринарната струка, која е основана во 1960год. со првично име „Јосиф Јосифовски Свештарот” чија цел е да произведе квалитетен кадар за потребите на пазарот на трудот од профилот на техничар за фармерско производство со четири годишно школување**

**Во СОУ „Цар Самоил” Ресен има два вида на образовни профили:**

**-*Гимназиско образование* со 3 изборни подрачја (општествено-хуманистичко подрачје со четврти степен,јазично-уметничко подрачје-четврти степен и природно-математичко подрачје-четврти степен),**

**-*Стручно образование* со четири годишно школување и образовен профил**

**- Земјоделско-ветеринарна/земјоделство, ветеринарство и рибарство, Агротехничар/техничар за фитомедицина.**

**Во учебната 2020/2021год. во нашето училиште наставата ја следеа 318 ученици, распределени во 27 паралелки по седум во прва, втора и четврта година од кои во прва и втора година имаше по пет гимназиски паралелки и по две стручни. Во трета година имаше пет гимназиски и една стручна паралелка. Во четврта година имаше шест гимназиски и една стручна паралелка. Наставата во училиштето се изведува во една смена со почеток од 8:00 часот.**

**Наставата ја изведуваат 48 квалификувани наставници.**

**Училиштето располага со кабинети, училници, канцеларии, спортска сала, клуб за млади, библиотека, работилници и свечена сала и спрема можностите и условите наставата е соодветна и адекватна за реализација на наставните содржини.**

**Од учебната година (2005/2006) училиштето располага со земјоделска механизација и доделена земја на закуп со површина од 13 ha, за потребите на учениците кои треба да изведуваат практична настава.**